Macedonian Ecological Society
Bul. Boris Trajkovski, ul. 7 br. 9A
1000 Skopje, Macedonia
phone: 00 389 2 2402 773
cell phone: 00 389 78 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

# Повик за понуди за изведба на фотонапонски систем

**Инструкции за понудувачите**

**1. Договорен орган**
Договорен орган е Македонско Еколошко Друштво Скопје со адреса на седиште на Архимедова бр. 5, 1000 Скопје, телефон за контакт 02/2402773.

Лице за контакт кај договорниот орган е Александра Тодоровска, телефон 071605645, електронска адреса todorovska@mes.org.mk.

**2. Предмет на договорот за набавка**
Предмет на договорот е понуда за набавка, монтажа и пуштање во употреба на фотонапонски систем на објект во село Белица, Кичево

**Информации за објектот:**

За приклучувањето на фотонапонската електрична централа на дистрибутивната мрежа, инвеститорот ќе се обрати до Корисничките енерго центри (КЕЦ) на Електродистрибуција ДООЕЛ. Инвеститорот произведената електрична енергија ќе ја користи во текот на работниот процес за сопствени потреби и дел ќе продава.

Рамката на ФВ модулите треба да е од алуминиум и истата ќе лежи на алуминиумска потконструкција и ќе биде фиксирана со алуминиумски средни и крајни држачи. Заради тоа на завршната кровна површина изведена од ќерамиди, прво се поставуваат метални носачи, на кои се поставуваат алуминиумски профили, според соодветни димензии, на кои потоа се фиксираат ФВ модулите.

За изведба на централата, третирани се површини кои се ориентирани кон запад и исток (во овој случај има отклонување со азимут од ( +84°, -96° ) . Површината на кои ќе се постави металната конструкција имаат добра осонченост. Косината на кровната површина изнесува, 25°. Кровниот покривач е од ќерамиди, Вкупната погодно ориентирана површина за поставување на модули изнесува 190.76 м².

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите имплементатори и не ги рефлектираат тие на донаторот и владата на Шведска."

**Техничка спецификација**

Macedonian Ecological Society
Bul. Boris Trajkovski, ul. 7 br. 9A
1000 Skopje, Macedonia
phone: 00 389 2 2402 773
cell phone: 00 389 78 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

1. Понуда за единечни цени на артикли

| Ред. бр. | Опис на артиклот | Единица мерка | Број на парчиња | Единечна цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка, монтажа и транспорт на Фотонапонски монокристалитни Панели HALF CELL<br><br>Минимална моќност на панел:<br>550 Wp | Парче | 40 | | |
| 2 | Набавка, монтажа и транспорт на on-grid трофазен инвертор со минимум моќност од20kW со европско потекло или инвертор кој ги има европските сертификати EN50530. TUV Low Certificate-TUV-EN50549 Voltage Directive 2014/35/EU | Парче | 1 | | |
| 3 | Набавка, транспорт и поставување на алуминиумски профил (како потконструкција) со сите потребни спојни елементи на кровна површина од керамида | Метро | 120 | | |
| 3 | Набавка, испорака и монтажа на енергетски кабел: 4mm$^2$ | Метро | 150 | | |
| 4 | Набавка, монтажа и транспорт за МЦ 4 спојки за кабел со инвертер и кабел со стрингови (серија на панели) | Парче | 12 | | |
| 5 | Стеги за панели крајни и средни алуминиумски комплет со штрафови | Парче | 90 | | |
| 6 | Држачи иноксни за ќерамида | Парче | 120 | | |
| 7 | Перфориран метален канал со капак за заштита на кабелот од надворешни влијанија | Метар | 30 | | |

Macedonian Ecological Society
Bul. Boris Trajkovski, ul. 7 br. 9A
1000 Skopje, Macedonia
phone: 00 389 2 2402 773
cell phone: 00 389 78 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Набавка, испорака и монтажа на AC ормар со механичка заштита IP66 со следнава опрема:<br><br>- еден триполен автоматски осигурувач со номинална струја од 32A со B крактеристика<br><br>- шина за заземјување ( PE )<br><br>- шина за нултиот проводник (N) | Парче | 1 | | |
| 9 | Набавка, испорака и монтажа на DC ормар со механичка заштита IP66 комплет со ДЦ топливи осигурачи куќишта + патрони за 3 стринга + пренапонска заштита | Парче | 1 | | |
| 10 | Смарт метар трифазен служи за контрола на произведената и потрошената електрична енергија и ограничување на производство према потребите на објектот доколку вишокот електрична енергија не се враќа во мрежа | Парче | 1 | | |
| 11 | ДЦ соларен  кабел со дебелина на пресек од 4 мм2 | Метро | 150 м | | |
| 12 | Бакарна жица за наизменичен напон од инвертер до собирници напон 4 мм | Метро | 40 | | |
| 13 | Техничка документација за пријавување на систем во општина и ЕВН | Парче | 1 | | |

**Минимум услови кои треба да бидат запазени од страна на економскиот оператор се:**

Macedonian Ecological Society
Bul. Boris Trajkovski, ul. 7 br. 9A
1000 Skopje, Macedonia
phone: 00 389 2 2402 773
cell phone: 00 389 78 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

-Минимум 2 проекти каде компанијата има инсталирано и пуштано во употреба фотонапонски системи.

- Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија.

**Напомена:**

Економскиот оператор има обврска за комплетна инсталација на понудената опрема.

Да се наведе гарантниот рок на целиот систем како и за понудената опрема поединечно.

**Дополнителна потребна документација која треба да се достави заедно со понудата:**

- Потврда за регистрирана дејност на добавувачот (ДРД образец од Централен регистар на Република Македонија)
- Извод од банка (најнов) или договор со банката за отворање на жиро сметка
- Изјава за неосудуваност на законскиот застапник (лична изјава или потврда од суд)
- Потврда дали е изречена казна привремена забрана за вршење на одделна дејност евидентирана во регистарот на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица (Централен регистар на Република Македонија)
- Уверение за платени даноци и придонеси (Управа за јавни приходи) – архивски број
- Последен годишен финансиски извештај (последна поднесена завршна сметка)

Од понудувачите се бара да достават изјава дека не запаѓаат во ситуација која е основа за исклучување од учество во набавката

**3. Начин на испорака на понуда за извршување на услугата**
Понудувачот е должен понудата да ја испорача во хартиена форма во плик, на адреса:

Македонско еколошко друштво, ул. Тодор Скаловски, бр.9а, 1000 Скопје

**4. Рок на испорака / за извршување на услугата**
Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот во најбрз можен рок од денот на склучување на договорот за набавка.

**5. Право на учество**
Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

**6. Јазик на понудата**
Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо.

Macedonian Ecological Society
Bul. Boris Trajkovski, ul. 7 br. 9A
1000 Skopje, Macedonia
phone: 00 389 2 2402 773
cell phone: 00 389 78 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

**7. Период на важност на понудата**
Периодот на важност на понудата ќе изнесува 15 работни денови од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

**8. Цена на понудата**
Цената на понудата се пишува со бројки и букви. Цените се со вклучено ДДВ.
Праг на финансиската понуда изнесува 900.000,00 денари.

**9. Валута на понудата**
Цената на понудата се изразува во денари.

**10 Затворање и обележување на понудите**

Краен рок и место за поднесување на понудите е **30.08.2023 година**

Понудите се поднесуваат во хартиена форма по пошта, на адреса:

Македонско еколошко друштво, ул. Тодор Скаловски, бр.9а, 1000 Скопје.

Понудата треба да биде составена од два дела, техничка и финансиска понуда.

Понудите задолжително се испраќаат во хартиена форма, во запечатени пликоа во А4 формат, со назнака за отворената постапка за кој се доставува понудата: „Понуда за отворена постапка 03-129/23 “. Притоа, со цел да се осигура непристрасност во постапката, на пликоата не смее да има никакви дополнителни информации, во спротивно понудувачот веднаш се дискфалификува од понатамошно разгледување на документацијата.
Финансиската понуда за отворената постапка мора да биде доставена во посебен запечатен коверт во А4 формат, на кој покрај назнаката за отворената постапка се дополнува и со информацијата „Финансиска понуда“. Запечатениот коверт со техничката понуда за отворена постапка, заедно со запечатениот коверт со финансиската понуда се доставуваат во коверт со поголем, А3 формат, како би се обезбедило целокупната документација за секој од понудувачите да биде комплетирана на едно место, односно би се спречиле забуни со ковертите, а имајќи предвид дека на секој од нив стои исклучиво информацијата за отворената постапка за кој се аплицира

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да се разгледува.

**11. Критериум за доделување на договорот**

11.1 Критериуми за доделување на договорот за набавка е економски најповолна понуда, гаранција и рок на испорака со монтажа и пуштање во употреба.

Macedonian Ecological Society
Bul. Boris Trajkovski, ul. 7 br. 9A
1000 Skopje, Macedonia
phone: 00 389 2 2402 773
cell phone: 00 389 78 371 175
contact@mes.org.mk
www.mes.org.mk

За носител на набавката ќе биде избран оној понудувач чија понуда ќе биде оценета како најповолна, односно која ќе освои најголем број на бодови како збир на бодовите за секој елемент на критериумот најповолна понуда.

11.2 Како елементи на критериумот за најповолна понуда се земаат:

| | |
|---|---|
| Гаранција | 30 % |
| Цена | 30 % |
| Рок на испорака, монтажа и пуштање во употреба | 40 % |

**12. Известување за доделување на договорот за набавка**

12.1. По завршувањето на изборот до сите учесници се испраќа известување за понудувачот кој што поднел најповолна понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

12.2. Избраниот најповолен понудувач ќе биде известен дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Во исто време, и сите понудувачи ќе бидат известени за резултатите од изборот и одлуката кој е најповолен понудувач.

**Скопје, 31.07.2023**

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО СКОПЈЕ

______________________
**Робертина Брајаноска**
**Извршен директор на МЕД**